**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за стопанските комори |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Исмаил Ебипи, Државен советник тел.3093-510<br>e-mail:ismail.ebipi@economy.gov.mk<br>Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи<br>тел. 3093 462<br>e-mail: snezana.petkovska@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | јуни, 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

**Во Република Македонија работењето на стопанските комори е уредено со два закони и тоа со:**
**1.Закон за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02, 84/05) и**
**2.Закон за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.89/04).**
**Со Законот за Стопанската комора на Македонија, донесен и објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.89/04), дејствува и работи Стопанската комора на Македонија.**
**Со Законот за стопанските комори, донесен и објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02, 84/05), запишани се и работат повеќе комори како на пр. Комората на северозападна Македонија, Комората на мали бизниси , Сојузот на стопанските комори и други комори.**
**Со донесувањето на еден Закон за стопанските комори ќе се надмине сегашната состојба во Република Македонија каде оваа област е уредена со двата погоре цитирани закони.**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   **Можни решенија се:**

   **1.Алтернатива во која се содржани одредби за доброволно членување во Стопанската комора и задолжително членување на стопанските комори во Унијата на комори и**

   **2.Алтернатива во која се содржани одредби за доброволно членување во Стопанската комора и соработка помеѓу стопанските комори со потпишување на Договор за соработка.**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   **Засегнати страни во процесот на процена на влијанието на регулативата се Стопанските комори кои се регистрирани во Република Македонија, а особено: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори, Комората на северозападна Македонија и други.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Достапни се Закон за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02, 84/05) и**
   **2.Закон за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.89/04).**

   Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   **Контакти со претставници од стопанските комори и нивните забелешки и коментари на текстот на Предлог законот, по што ќе следи усогласување на текстот .**

2. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Иницијално е потребно да се согледаат ставовите и мислењата на претставниците на стопанските комори во врска со клучни прашања како што е задолжителното пристапување во Унијата на стопански комори или пак лабаво незадолжително здружување со потпишување на Договор за соработка.**

   Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   **Формирана е меѓуресорска работна група составена од представници на: Министерство за економија, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економски ресори м-р Владимир Пешевски, Министерство за финансии,Генерален секретаријат, Секретаријат за законодавство,**

**Стопанска комора на Македонија, Комората на северозападна Македонија и Сојузот на стопанските комори.**

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од октомври 2009 година кога се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   **Не се вклучени надворешни консултанти.**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   **Јуни 2010 година.**

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?